Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија
Agjencia për Promovimin dhe Përkrahjen e Turizmit në Republikën e Maqedonisë së Veriut
Бр./Nr. 03-2014
17.02 2021 год./viti
Скопје / Shkup

# МЕМОРАНДУМ

**за соработка и интеракција во областа на туризмот помеѓу Националната туристичка организација на Украина и Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија**

Националната туристичка организација на Украина и Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија, во натамошниот текст - „Страните“:

- земајќи го предвид значителниот туристички потенцијал на двете земји и искуството во областа на туризмот,

- врз основа на заеднички интереси и цели,

- стремејќи се кон развој на туризмот и воспоставување на соработка во областа на туризмот меѓу Страните,

го склучија овој Меморандум.

**Член 1. Цел на Меморандумот**

Целта на Меморандумот е организирање на широка соработка меѓу Страните за подобрување на атрактивноста на туризмот, како и договор за постојана соработка во сферата на развојот и промоцијата на културниот, деловниот, здравствениот, туризмот на настани, еколошкиот и другите видови на туризам во Украина и Република Северна Македонија.

**Член 2. Приоритетни области на соработката**

Страните ќе промовираат создавање и пласирање на заеднички модерни и висококвалитетни туристички производи.

Главни задачи на соработката:

- воспоставување на услови за создавање на нови туристички производи и зголемување на бројот на туристи од двете земји;
- создавање на нови можности за развој на туристичкиот бизнис;
- популаризација на историското и културното наследство на обете земји;
- подготовка и реализација на заеднички проекти од областа на туризмот.
- размена на искуство во прашања за безбедност, квалитет, одржливост, како и за иновативни технологии во областа на туризмот.

**Член 3. Обврски на страните**

Страните ќе разменат информации од областа на туризмот, особено за туристичките ресурси на нивните земји, туристичката статистика, новостите и воведувањето на современи технологии во областа на туризмот.

Страните ќе го промовираат зголемувањето на бројот на меѓусебни туристички размени меѓу земјите, како и меѓусебното учество на изложби, конференции, форуми, вебинари и семинари за туризам, што ќе се одржуваат на териториите на двете земји.

Страните ќе ја поддржат соработката во развојот на инвестициски активности во туристичката индустрија. За таа цел, Страните ќе обезбедуваат соодветна информативна поддршка за воспоставување директни деловни контакти помеѓу заинтересирани претпријатија и организации.

**Член 4. Завршни одредби**

Овој Меморандум стапува на сила од моментот на неговото потпишување.

Меморандумот истекува еден месец откако една од Страните ќе ја извести другата Страна за својата намера да го раскине.

Склучен е на 17 февруари 2021 година во Киев и Скопје, составен е во два примерока, секој од нив на украински и македонски јазик, при што и двата текста имаат иста правна сила.

| | |
|---|---|
| **За Националната туристичка организација на Украина** | **За Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија** |
| **ИВАН ЛИПТУГА** | **ЉУПЧО ЈАНЕВСКИ** |

Національна туристична організація України
ЕДРПОУ 42964010